ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 11-97/6**

**Дата:** 08.03.2010

**ДО**
**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ „МАКЕДОНСКА ПОШТА“ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ ВО КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ „МАКЕДОНСКА ПОШТА“ ц.о.- СКОПЈЕ БР. 1303-810/9 ОД 2006 ГОДИНА

## 1. Резиме

### 1.1. Основ за вршење на ревизијата на спроведување на препораките

Во 2006 година беше извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ ц.о.- Скопје за 2005 година.

Цел на ревизијата на финансиските извештаи беше изразување мислење за тоа:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

### 1.2. Резиме на резултатите од ревизијата на спроведување на препораките

Во овој извештај на Овластениот државен ревизор (во понатамошниот текст ОДР) се презентирани резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ ц. о.- Скопје, (во понатамошниот текст - Македонска пошта). Во извештајот беа опфатени функционалните области на Финансиско известување, оценка на системот на сметководствени и финансиски контроли, техничка безбедност, користените сметководствени принципи, испитување на докази за потврдување конкретни финансиски трансакции, организациона поставеност и финансиско раководење на субјектот.

Во Конечниот извештај на ОДР Бр.1303-810/9 од 2006 година беа дадени вкупно дванаесет (12) препораки. Препораките се однесуваат на преземање мерки од страна на одговорните лица во Македонска пошта, Управниот одбор и Основачот на претпријатието за отстранување на утврдените слабости во извршувањето на дејностите од јавен интерес, вистинито и објективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи и законското и наменското користење на средствата.

Според сумираните резултати од спроведување на препораките ревизијата оцени дека Македонска пошта има направено значаен напредок во спроведување на препораките на ОДР, при што е утврден следниот статус по групи и истиот е презентиран во подолу наведениот преглед:

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2005** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **% (процент)** |
| 1 | | |
| Спроведени препораки | 9 | 75 |
| Делумно спроведни | 2 | 17 |
| Во тек | 1 | 8 |
| **Вкупно** | **12** | **100** |

***Спроведени препораки***

- Во делот за Неправилна примена на акти, утврдени се осум (8) неправилности за кои се дадени седум (7) препораки, од кои спроведени се пет (5) препораки и тоа за точките 11.1.1; 11.1.2; 11.1.5; 11.1.6; 11.1.7 и 11.1.8, односно, воспоставени се пишани процедури и се постапува по нив во однос на транспортот на парични средства, утврдени се процедури и почитувани се рокови за избор на најповолен понудувач за осигурување на имотот, за прашањата за кои е потребна согласност од основачот истата е добиена, вршени се навремени и континуирани контроли на благајничкиот максимум во соработка со Поштенска банка АД Скопје и потпишан е менаџерски договор помеѓу Директорот и Управниот одбор во кој договор меѓу останатите прашања е регулирана и платата на Директорот.

- Во делот за Ненаменско и незаконско користење на средствата, утврдени се четири (4) неправилности и дадени се пет (5) препораки од кои спроведени се четири (4) и тоа за точките 11.2.1.; 11.2.2. и 11.2.3., односно во постапките за јавни набавки кои претставуваа предмет на ревизија не се констатирани состојби на неусогласеност со одредбите од Законот за јавни набавки, воспоставени се политики за утврдување на потребите од набавки на одредени производи и услуги, донесени се акти кои ја регулираат материјата од обласна на Филателијата и филателистичкото работење и превземени се мерки за утврдување на одговорноста на лицата кои одобриле рабат при продажба на филателистички марки во процент поголем од пропишаниот без одлука на надлежните органи.

***Делумно спроведени препораки***

- Во делот Неправилна примена на акти, од дадените седум (7) препораки за вкупно осум (8) неправилности делумно е спроведена една (1) препорака и

тоа за точката 11.1.3. односно Македонска пошта превземала мерки за усогласување на одредбите од договорите кои ја регулираат меѓусебната деловна соработка и вршењето на платниот промет, но иницијативата не е прифатена од страна на Поштенска банка АД Скопје.

- Во делот Ненаменско и незаконско користење на средствата, од дадените пет (5) препораки за вкупно четири (4) неправилности, делумно е спроведена една ( 1) препорака за точката 11.2.4. односно Македонска пошта до Министерството за финансии на Република Македонија континуирано доставувала барања за согласност за вработувања од кои за поголем дел не е добиено позитивно мислење.

***Препораки чие спроведување е во тек***

- Во делот на Неправилна примена на акти, од дадените седум (7) препораки за вкупно осум (8) неправилности во тек е спроведување на една (1) препорака и тоа за точката 11.1.4. односно Македонска пошта формирала работна група која има обврска да соработува со консултантската куќа на која ќе и биде доделен договорот за јавни набавки/услуга-изработка и асистенција при имплементација на елаборат за утврдување на критериуми (клучеви) за алокација на трошоци и приходи.

## 1.3. Препораки

Ревизијата препорачува Македонска пошта да продолжи со целосна реализација на делумно спроведените препораки и препораката која е во тек на спроведување.

## 2. Вовед

### 2.1. Предмет на ревизијата

Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на спроведувањето на дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр.1303-810/9 од 01.12.2006 година на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ ц.о. Скопје.

### 2.2. Законски основ

Ревизијата од точка 2.1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 и член 23 став 9 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 6 и 9 од Законот за државна ревизија.

### 2.3. Континуитет

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за спроведување на дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ ц.о. Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 2.4. Одговорност на раководството на субјектот и на ревизорите на ДЗР

Спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Таип Јакупи, директор до 11.09.2006 година
- Садула Изаири, генерален директор во период од 11.09.2006 година до 04.08.2008 година, и
- Ејуп Рустеми, генерален директор од 05.08.2008 година.

Одговорност и задача на ревизорите е да извршат ревизија/проверка на степенот до кој препораките дадени во Конечниот ревизорски извештај се спроведени и да донесат заклучоци врз база на прибраните докази.

## 3. Цел на ревизијата

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 1303-810/9 од 2006 година се спроведени, да се даде оцена на соодветноста на превземените мерки по однос на дадените препораки и да се процени статусот на одговорите на менаџментот (ИЗПМ–С Образец) и нивното ефективно имплементирање согласно дадените препораки.

## 4. Опфат и методологија, период на вршење на ревизијата и извршители

Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. За време на ревизијата, извршивме испитување на сметководствените евиденции и поткрепувачка документација, спроведовме ревизорски постапки за оцена на усогласеноста со ревизорските стандарди и закони и одредување на соодветноста на постапките во однос на ревизорските цели, интервјуиравме одговорни лица на субјектот, извршивме процена на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, дадовме општа оценка на презентираните докази за спроведување на препораките и оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за степенот до кој препораките по наодите презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 1303-810/9 од 2006 година се спроведени и соодветноста на превземените мерки.

Ревизијата од точка 2.1. погоре е планирана и извршена од тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 10.12.2009 година до 05.01.2010 година.

## 5. Резултати од ревизијата на спроведување на препораките

**5.1.** Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот-предмет на ревизија кој се одржа на ден 03.02.2010 година.

Во прегледот **I** подолу дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор Бр. 1303-810/9 од 2006 година.

## 6. Заклучоци

Државниот завод за ревизија утврди дека е направен значаен напредок во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР од 2006 година, односно превземени се активности и тоа:

- воспоставени се пишани процедури и се постапува по нив во однос на транспортот на парични средства;
- утврдени се процедури и почитувани се рокови за избор на најповолен понудувач за осигурување на имотот;
- за прашањата за кои е потребна согласност од основачот истата е добиена;
- вршени се навремени и континуирани контроли на благајничкиот максимум во соработка со Поштенска банка АД Скопје;
- потпишан е менаџерски договор помеѓу Директорот и Управниот одбор во кој договор меѓу останатите прашања е регулирана и платата на директорот;
- во постапките за јавни набавки кои претставуваат предмет на ревизија не се констатирани состојби на неусогласеност со одредбите од Законот за јавни набавки;
- воспоставени се политики за утврдување на потребите од набавки на одредени производи и услуги;
- донесени се акти кои ја регулираат материјата од обласа на Филателијата и филателистичкото работење и
- превземени се мерки за утврдување на одговорноста на лицата кои одобриле рабат при продажба на филателистички марки во процент поголем од пропишаниот без одлука на надлежните органи.

Создадени се услови за делумно реализирање на препораките односно Македонска пошта превземала мерки и активности за усогласување на одредбите од договорите кои ја регулираат меѓусебната деловна соработка и вршењето на платниот промет, но иницијативата не е прифатена од страна на Поштенска банка АД Скопје и континуирано доставувала до Министерството за финансии барања за обезбедување на согласност за вработување, од кои за поголем дел не е добиено позитивно мислење.

Во тек е постапка за утврдување на критериум (клуч) за алокација на трошоците односно Македонска пошта формирала работна група која има обврска да соработува со консултантската куќа на која ќе и биде доделен договорот за јавни набавки/услуга-изработка и асистенција при имплементација на елаборат за утврдување на критериуми (клучеви) за алокација на трошоци и приходи кои ќе преставуваат основ за имплементација на дадената препорака.

### Препораки

Надлежните органи во Македонска пошта во соработка со основачот на друштвото/Влада на Република Македонија да превземат мерки и активности за доследна имплементација на нецелосно спроведените препораки, а кои се однесуваат на следното:

Продолжување со активности во соработка со основачот и Поштенска банка АД Скопје за усогласување на одредбите од договорите кои ја регулираат меѓусебната деловна соработка и вршењето на платниот промет, потпишување на нови договори и укинување на спорните одредби од договорите.

Продолжување со активности за поднесување на Барање за согласност за вработување до Владата на РМ и Министерство за финансии на РМ сите лица кои се ангажирани врз основа на Договор за дело за кои има потреба за вработување, да бидат вработени со Договори за вработување на неопределено време.

Македонска пошта да пристапи кон изработка на опсежна анализа на вкупните трошоци и вкупните приходи кои ги прави/остварува во вршењето на платниот промет и другите услуги во име и за сметка на Поштенска банка А.Д. Скопје и врз основа на таквата анализа ги предложи и утврди соодветните проценти на распределба на остварените приходи, односно да продолжи со превземените мерки за изготвување на наведената анализа.

## 7. Нагласувања на прашања поврзани со континуитетот на субјектот

На ден 21.11.2006 година врз основа на член 4 од Законот за јавни претпријатија Владата на Република Македонија донела Одлука за преобразба на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај “Македонска пошта “ Ц.О. во Акционерско друштво во државна сопственост. Врз основа на донесената одлука, во Централниот регистар на Република Македонија извршен е упис на промената под името Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост-Скопје.

Скопје, 05.03. 2010 година

**Овластен Државен Ревизор**